Врз основа на членот 4, став 1 од Одлуката на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје за распишување на избори за членови на Факултетското студентско собрание со бр. 03-1218/1 од 15.11.2024 година и Исправка на Одлуката бр. 03-1218/2 од 19.11.2024 година, Изборната комисија на ден 20.11.2024 година ги донесе следниве:

# ПРАВИЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет

### Член 1

Со овие Правила за спроведување на избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (во понатамошниот текст: Правила) се уредува начинот на работа на Изборната комисија формирана од Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со Одлука бр. 03-1218/1 од 15.11.2024 година, правото на глас, начинот на пријавување и утврдување на кандидатите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и роковите, начинот на гласање и пребројување на гласовите, изгледот на гласачкото ливче, објавувањето на резултатите од гласањето и други прашања поврзани со спроведувањето на изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

### Супсидиерна примена

### Член 2

За сите прашања кои не се уредени со овие Правила се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје и Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје.

### Избирачко право, начин на спроведување на избори и број на членови на Факултетското студентско собрание

### Член 3

(1) На изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје право да избираат имаат сите студенти кои го запишале зимскиот семестар од учебната 2024/2025 година, вклучително и студентите кои имаат запишано празен зимски семестар во учебната 2024/2025 година (Е-2).

(2) Право да биде избран за член на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје има секој студент кој е запишан на студии во зимскиот семестар учебната 2024/2025 година или кој има запишано празен зимски семестар во учебната 2024/2025 (Е-2) и се кандидирал согласно членовите 10 до 13 од овие Правила.

(3) Членовите на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ се избираат на непосредни, фер и демократски избори, со тајно гласање, за мандат од една година, со право на уште еден избор.

(4) На изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, кои ќе се одржат на место и во време утврдено во членот 4, се избираат:

- најмногу 8 претставници од прва година на сите студиски програми на прв циклус студии;
- најмногу 7 претставници од втора година на сите студиски програми на прв циклус студии;
- најмногу 7 претставници од трета година на сите студиски програми на прв циклус студии;
- најмногу 11 претставници од сите студиски програми на втор циклус студии
- најмногу 1 претставник од сите студиски програми на трет циклус студии (докторски студии).

(5) Доколку не биде пополнет бројот на членови во секоја студиска година согласно претходниот став, непополнетите места не влегуваат во вкупниот број на членови на Факултетското студентско собрание.

**Место и време за одржување на избори**

**Член 4**

Изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ќе се одржат на ден 17.12.2024 година (вторник) во Аулата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во временскиот период помеѓу 8:30 и 16:30 часот, на единствено избирачко место.

**Услови за спроведување на изборите**

**Член 5**

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание.

## II. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И НИВНА РАБОТА

## Органи за спроведување на изборите

## Член 6

Органи за спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се Изборната комисија и Избирачкиот одбор.

## Изборна комисија

## Член 7

(1) Изборната комисија ја сочинуваат лицата наведени во Одлуката на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за распишување на избори за членови на Факултетското студентско собрание со бр. 03-1218/1 од 15.11.2024 година и Исправка на Одлуката бр. 03-1218/2 од 19.11.2024 година.

(2) Надлежноста на Изборната комисија е уредена со општите акти наведени во членот 2 од овие Правила, Одлуката од претходниот став и овие Правила.

## Начин на одлучување на изборна комисија

## Член 8

(1) Изборната комисија работи и одлучува на седници кои може да се одржуваат во живо или електронски.

(2) Изборната комисија може да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку три члена, од кои најмалку двајца студенти.

(3) Изборната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, притоа за одлуката мора да гласаат најмалку еден член од редот на наставниот кадар и најмалку двајца студенти.

(4) За одржаните седници Изборната комисија составува записници. Записниците и одлуките ги потпишува претседателот на Изборната комисија, односно првонаведениот член на Изборната комисија во членот 3, став 1, точка 1, од Одлуката на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје за распишување на избори за членови на Факултетското студентско собрание со бр. 03-1218/1 од 15.11.2024 година.

## Избирачки одбор

## Член 9

(1) Избирачкиот одбор е составен од двајца студенти и еден наставник, односно соработник и нивни заменици кои ги именува Изборната комисија најдоцна до 10.12.2024 година (вторник), а кои не можат да бидат во исто време и членови на Изборната комисија.

(2) Избирачкиот одбор се грижи за спроведувањето на гласањето во согласност со Правилата, односно ги врши следниве работи:

- обезбедува правилност и тајност на гласањето;
- обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето;
- го прима изборниот материјал за избирачкото место;
- ги сумира и утврдува резултатите од гласањето во присуство на членовите на Изборната комисија;
- составува записник, на образецот даден во прилог 1, за гласањето на избирачкото место и за резултатите од гласањето на избирачкото место;
- го собира и предава изборниот материјал на избирачкото место на Изборната комисија;
- врши други работи поврзани со спроведување на гласањето.

## III. ПРИЈАВУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ

### Доставување на пријава за член на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

### Член 10

(1) Студентите се должни лично да се пријават за кандидат за член на Факултетското студентско собрание, преку Архивата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, најдоцна до 03.12.2024 година (вторник) до 16:00 часот, со поднесување на пријава до Изборната комисија.

(2) Пријавата од претходниот став треба биде поднесена во три примероци и да содржи: име и презиме и податоци за контакт на кандидатот/ката, студиска година, студиска програма и циклус на студии, број на индекс, потпис на кандидатот/ката.

(4) Образец на пријавата од ставот 2 е содржан во Прилогот 2 на овие Правила.

### Одлука за констатирање на кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

### Член 11

(1) Во рок од 1 ден од рокот определен во членот 10, став 1, Изборната комисија носи Одлука за констатирање на кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во која Одлука ќе ги поделат кандидатите по студиски години, односно циклуси.

(2) Одлуката веднаш се објавува на веб-страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и се доставува на адресата на електронската пошта на секој студент кој има право на глас.

### Жалба за неправилности во постапката за кандидирање

**Член 12**

(1) Студентите кои поднеле пријава за кандидати за членови на Факултетското студентско собрание, во рок од 24 часа по објавувањето, имаат право на жалба против Одлуката од Изборната комисија од претходниот член на овие Правила.

(2) Жалбата се поднесува во писмена форма, лично преку Архивата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и содржи име и презиме на подносителот, број на индекс, студиска година, студиска програма и циклус на студии, како и доказ и образложение на причините поради кои се поднесува.

**Конечна одлука за листа на кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

**Член 13**

Откако ќе се одлучи по жалбите, Одлуката на Изборната комисија за констатирање на кандидатите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје станува конечна, по што на веб-страницата се објавува конечна листа на кандидати која исто така се доставува на адресата на електронската пошта на секој студент кој има право на глас.

## IV. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Предизборни промотивни активности (кампања)**

**Член 14**

(1) Сите кандидатите чии кандидатури се потврдени со одлука на Изборната комисија можат да организираат свое претставување и да истакнуваат промотивни материјали.

(2) Изборната комисија се грижи во рамките на своите надлежности за рамномерна застапеност и еднаков пристап до можности за промоција.

(3) Промотивните активности од овој член започнуваат од моментот на констатирање на кандидатурите и завршуваат до еден ден пред одржување на изборите.

**Избирачки список и изводи од Избирачки список**

**Член 15**

(1) Избирачкиот список го утврдува Изборната комисија најдоцна на 27.11.2024 година (среда) и го објавува на веб-страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во

Скопје, како и го доставува на адресата на електронска пошта на секој студент кој има право на глас.

(2) Избирачкиот список кој се објавува содржи единствено број на индекс на студентот со право на глас со цел заштита на личните податоци.

(3) Избирачкиот список се води според изворната евиденција на студенти што ја води Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

(4) Секој студент може да изврши увид во избирачкиот список и да побара исправка или дополнување на избирачкиот список, со поднесување на барање преку Архивата, најдоцна до 02.12.2024 година (понеделник).

(5) По поднесеното барање, Изборната комисија одлучува без одлагање. Одлуката на Изборната комисија е конечна.

**Предавање на изборниот материјал**

**Член 16**

(1) Изборната комисија на денот на гласањето, а најдоцна пред отварање на избирачкото место го предава изборниот материјал на Избирачкиот одбор, и тоа: избирачки список, гласачки ливчиња, гласачки кутии и записници.

(2) Со предавањето на избирачкиот материјал се пополнува записник за предавање на избирачкиот материјал кој го потпишуваат членовите на Избирачкиот одбор и членовите на Изборната комисија.

**Гласачки ливчиња**

**Член 17**

(1) За изборите на членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ ќе се подготват пет гласачки ливчиња и тоа:

- гласачко ливче за студентите од прва година студии на прв циклус;
- гласачко ливче за студентите од втора година студии на прв циклус;
- гласачко ливче за студентите од трета година студии на прв циклус;
- гласачко ливче за студентите на втор циклус студии;
- гласачко ливче за студентите на трет циклус студии.

(2) Секое од гласачките ливчиња наведени во претходниот став, ќе содржи:

- назив на Правниот факултет „Јустинијан Први“;
- датум на гласање;
- листа на кандидати за членови на Факултетското студентско собрание од соодветната студиска година, односно циклус, по азбучен ред;
- реден број пред името и презимето;

- напомена дека се заокружува само редниот број пред името и презимето на кандидатот, а може да се заокружат најмногу онолку редни броеви колку што се избираат кандидати од соодветната студиска година, односно циклус.

(3) Гласачките ливчиња се изработуваат на начин да бидат во иста големина и форма и се заверуваат со печат на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

(4) Се изработуваат онолку гласачки ливчиња колку што има студенти на Избирачкиот список по студиска година, односно циклус.

**Спроведување на изборите**

**Член 18**

(1) Гласањето за избор на членови на Факултетското студентско собрание се спроведува на избирачкото место согласно член 4 од овие Правила.

(2) Во текот на гласањето на избирачкото место во секое време мора да бидат присутни најмалку двајца членови или заменици на Избирачкиот одбор.

(3) Избирачкиот одбор го утврдува идентитетот на студентот преку неговиот индекс.

(4) Избирачкиот одбор го заокружува студентот кој пристапил кон гласањето во Избирачкиот список.

(5) Избирачкиот одбор му врачува едно гласачко ливче на и го упатува да го заокружи зад параванот.

(6) Избирачкиот одбор исто така му појаснува на студентот дека може да го даде својот глас за онолку кандидати колку што се избираат од студиската година, односно циклус на студии, со заокружување на редниот број пред неговото/нејзиното име и презиме, како и дека гласачкото ливче ќе биде неважечко ако се заокружени повеќе кандидати, ако тоа е непополнето, како и ако на друг начин е обележано, така што не може со сигурност да се утврди за кој кандидат се гласа (името и презимето е подвлечено, редниот број е обележан со X или обоен, допишани се нови имиња и презимиња и слично).

(7) По заокружувањето на ливчето зад параванот, согласно ставот 5 од овој член, студентот го преклопува ливчето и го пушта во гласачката кутија.

**Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето**

**Член 19**

(1) По истекот на времето за гласање, Избирачкиот одбор ги отвора избирачките кутии во присуство на Изборната комисија, го констатира вкупниот број на избирачи кои гласале, вкупниот број на важечки ливчиња, вкупниот број на неважечки ливчиња и вкупниот број на ливчиња кои не се искористени.

(2) Избирачкиот одбор констатира колку гласови освоил секој од кандидатите.

(3) Избирачкиот одбор ги констатира евентуалните неправилности во спроведувањето на гласањето и евентуалните забелешки ги внесува во записник.

(4) За констатираните податоци од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се води записник кој го потпишуваат тројца од членовите или замениците членови на Избирачкиот одбор.

(5) На изборите ќе се смета за избран оној кандидат за член кој освоил најголем број важечки гласови.

(6) Ако два или повеќе кандидати за член имаат ист број на гласови, а тие се од истата студиска година односно циклус, Изборната комисија го одредува членот по пат на ждрепка во присуство на кандидатите во термин кој ќе го определи Изборната комисија.

(7) Записникот заедно со целиот изборен материјал (гласачки кутии, искористени и неискористени гласачки ливчиња, избирачкиот список со заокружени имиња на студентите кои гласале) се предава на Изборната комисија.

**Резултати од одржаните избори**

**Член 20**

(1) Изборната комисија ги утврдува првичните резултати од одржаните избори и ги објавува на веб страницата на Факултетот и на Огласната табла на Факултетот најдоцна 24 часа по завршување на гласањето. Првичните резултати исто така се доставуваат до адресата на електронска пошта на секој студент кој има право на глас.

(2) Против првичните резултатите од ставот 1 на овој член, секој кандидат може да поднесе образложен приговор во рок од 24 часа.

(3) Приговорот се поднесува во пишана форма, лично, преку Архивата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, до Изборната комисија. Изборната комисија одлучува по поднесените приговори во рок од 24 часа, односно на првиот нареден работен ден, од денот на нивното поднесување.

(4) Приговорот треба да содржи име и презиме на подносителот, број на индекс, студиска година, студиска програма и циклус на студии, потпис на поднесителот, како и доказ и образложение на причините поради кои се поднесува приговорот.

(5) Изборната комисија ќе ги отфрли ненавремените приговори, непотполните приговори или приговорите поднесени од неовластени лица.

(6) Ако приговорот е неоснован Изборната комсија ќе донесе одлука со која приговорот се одбива.

(7) Ако приговорот е основан, Изборната комисија ќе ги отстрани неправилностите.

(8) Во случај да нема поднесени приговори, ако приговорите се отфрлени или одбиени, резултатите стануваат конечни и како такви се објавуваат на веб-страницата на Факултетот

и Огласната табла на Факултетот, а се доставуваат и на адресата на електронска пошта на секој студент кој имал право на глас, по што изборниот процес се смета за завршен.

**Поништување и прегласување**

**Член 21**

(1) Доколку Изборната комисија утврди неправилности во спроведувањето на изборите кои влијаат или можат да влијаат на резултатите, тогаш ќе ги поништи целосно изборите и за тоа ќе го извести Деканот на Факултетот кој може да одлучи повторно да ги распише.

(2) Гласањето може да се поништи доколку се случи:

- сериозно нарушување на тајноста на гласањето;
- сериозно нарушување на редот на гласачкото место;
- кршење на гласачка кутија;
- или доколку на друг начин сериозно се наруши гласањето и изборниот процес.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Примена на Правилата**

**Член 22**

(1) Овие Правила се применуваат од денот на нивното донесување и важат до завршување на изборниот процес поврзан со изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на ден 17.12.2024 година.

**ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Претседател на Изборна комисија,**

**Асс. д-р Теа Лалевска**

*ПРИЛОГ 1*

**Записник за гласање на избирачкото место и утврдување на резултатите од гласањето**

**ЗАПИСНИК**

**од седница на Избирачкиот одбор за спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на ден 17.12.2024 година**

Седницата се одржа со следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на ден 17.12.2024 година

**Точка 1. Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на ден 17.12.2024 година**

Изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на ден 17.12.2024 година почнаа во 8:30 часот и заврши ја во 16:30 часот, согласно Правилата.

По завршувањето на изборите, Избирачкиот одбор ја отвори избирачката кутија во присуство на Изборната комисија и ги сумираше резултатите:

1. На изборите излегоа ______________ студенти од кои ______________ студенти од прва година, _______________ студенти од втора година, _________________, студенти од трета година студии од прв циклус, ________________________ студенти од втор циклус и ______________________ студенти од трет циклус.

2. Од _____________ гласачки ливчиња, ________________ се важечки, а ________________неважечки.

3. Од важечките ливчиња, првичните резултати се:

   - Од кандидатите запишани во прва година студии:
     - Кандидатот ____________ освои ____________ гласови
     - ...
   - Од кандидатите запишани во втора година студии
     - Кандидатот ____________ освои ____________ гласови

        - ...
    - Од кандидатите запишани во трета година студии
        - Кандидатот ___________ освои ___________ гласови
        - ...
    - Од кандидатите запишани на втор циклус студии
        - Кандидатот ___________ освои ___________ гласови
        - ....
    - Од кандидатите запишани на трет циклус студии
        - Кандидатот ___________ освои ___________ гласови
        - ....

___________________
(име и презиме)

___________________
(име и презиме)

___________________
(име и презиме)

***ПРИЛОГ 2***

**Пријава за кандидирање за член на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

**ПРИЈАВА**

**за кандидирање за член на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“**

Јас, ______________________________(име и презиме), студент на ______ циклус на студии (прв, втор, трет), од __________ година, со број на индекс ______, се пријавувам на изборите за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, кои ќе се одржат на 17.12.2024 година.

**Датум _______**

**Потпис на студентот-кандидат__________________________**

**Контакт (тел./емаил):______________________**